10.03.2017г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Транспаренси Интернешнл - Македонија за прилогот со наслов "Сомнежи околу можно политичко влијание врз рангирањето на Транспаренси Интернешнел – Џорџ Сорос е еден од главните финансиери", објавен на 26.01.2017 година, во информативните изданија на телевизија Нова, а во 21 часот и 28 минути, во интернет изданието на телевизија Нова (www.tvnova.mk)**

**Ж А Л Б А Т А  Е  О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 13.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 30.01.2017 година, Слаѓана Тасева, Претседател на Транспаренси Интернешнел - Македонија поднесе жалба за прилогот со наслов "Сомнежи околу можно политичко влијание врз рангирањето на Транспаренси Интернешнел – Џорџ Сорос е еден од главните финансиери", објавен на 26.01.2017 година, во информативните изданија на телевизија Нова, а во 21 часот и 28 минути, во интернет изданието на телевизија Нова (www.tvnova.mk).

Во жалбата се наведува дека во објавениот прилог известувањето е неточно и нефер и не е застапена втората страна. Во образложениото на жалбата се наведува дека*:*

- не е вистинита информацијата дека националната испостава на Транспаренси Интернешнел (ТИ) во Македонија се вика Транспарентност Македонија и е водена од д-р Слаѓана Тасева. Се вели дека вистината е дека Транспарентност Македонија не е исто што и Транспаренси Интернешнел Македонија, дека тоа се два различни правни субјекти, односно две различни здруженија на граѓани, при што Транспаренси Интернешнел Македонија е национален огранок на глобалната коалиција за борба против корупцијата Транспаренси Интернешнел, и е водена од д-р Слаѓана Тасева;
- не е вистинита објавената информација во која се вели дека Транспаренси Интернешнел и националниот огранок Транспаренси Интернешнел Македонија се финансирани директно од Фондацијата "Отворено општество". Се вели дека не е вистина дека Транспаренси Интернешнел Македонија се финансира од тој извор. Се додава дека на веб страната на ТИ-М се достапни сите досегашни ревизорски извештаи за организацијата и од нив јасно се гледа дека ТИ-М никогаш не примила донација од Фонадацијата "Отворено општество". Жалителот го приложи линкот каде се објавени ревизорските извештаи;
- не е вистинита објавената информација дека членови на Управниот одбор на Транспаренси Интернешнел Македонија се лица блиски до опозициската СДСМ. Се вели дека и овде повторно се мешаат Транспарентност Македонија и Транспаренси Интернешнел Македонија, кои се две

различни организации. Се додава дека во прилогот е дадена слика од сајтот на Транспарентност Македонија, каде што се наведени лицата кои медиумот ги поврзува со СДСМ, а не на Транспаренси Интернешнел Македонија, каде што се објавени имињата на членовите на Управниот одбор. Жалителот го приложи и линкот со членовите на Управниот одбор на ТИ-М.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизија Нова и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од телевизија Нова не одговорија на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на прилогот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 17.02.2017 година, Теофил Блажевски беше изземен од расправата за случајот, во согласност со член 10 од Деловникот на Комисијата за жалби поради судир на интереси бидејќи е член на УО на ТИ-М, се' со цел да се обезбеди мериторност во одлучувањето и спречување на делегитимирање на одлуката на Комисијата.

Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и направи увид во наведениот текст и телевизиски прилог. Најпрво, Комисијата констатираше дека таа неможе и нема право да ги утврдува фактите наведени во текстот и жалбата. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионални стандарди при создавањето на новинарскиот производ.

Конкретно Комисијата констатираше дека во текстот има низа тврдења за политичко дејствување на невладина организација. Меѓу другото се издвојуваат следниве реченици:

**“Еден од главните финансиери на организацијата Транспаренси интернешенл, која вчера објави нов извештај во кој Македонија забележува пад од 24 места на ранг-листата на индексот на перцепција на корупцијата за 2016-та, е фондацијата отворено општество на Џорџ Сорос, покажуваат јавно достапните податоци на веб страната на организацијата.**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

**Според новото рангирање, Македонија сега се наоѓа на 90-тото место во споредба со 66-тата позиција во 2015-та, што отвори низа прашања на што се должи ваквата драматична промена во перцепцијата во само една година. Сомнежите кај познавачите се дека позадината е политички мотивирана од финансиерот СОРОС. Упатените велат дека еден од начините на кој дејствува СОРОС е креирање на лажна слика и перцепција преку неговите меѓународни организации кои тој ги финансира, а кои вршат рангирање за повеќе сфери и области во различни држави. ...Ваквото лошо рангирање доаѓа откако Груевски во интервју за Република од пред две недели објави дека државата бележи успех на индексот за борба против корупцијата дури и на организација финансирана од СОРОС како што е Транспарентност Интернешнел. Груевски запрашан дали според него активностите на Сорос се повеќе насочени против него и неговата партија или во корист на опозицијата вели: Мислам и двете. И мислам и за второто не е свесен. Не е свесен дека овој народ во 2006 година беше паднат на колена со речиси 39 отсто невработеност, највисока во Европа тогаш, и 32 отсто стапка на сиромаштија, рангиран на 105. место на неговата „Транспаренси интернешнел". Токму тие против кои се бори тој, а тоа сме ние од ВМРО, и покрај сите кризи и пречки, невработеноста ја сведоа на околу 23 отсто, стапката на сиромаштија на околу 21 отсто, а на рангирањето на корупција имаме скок од 105. на 66. место."**

Поради ваквата обработка на медимскиот производ членовите на Комисијата најдоа дека, поради тоа што медиумот изнел низа тврдења, согласно професионалните начела бил должен за своите тврдења да побара став од невладината организација Транспарентост Интернешнл. Со огледа на тоа што не се бара став од засегнатата страна, со ваквиот медиумски производ не се обезбедува согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Постулат на новинарската професија е да се побара став од сите засегнати страни во обработката на новинарскиот производ, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Понатаму авторот на текстот и прилогот, на повеќе наврати своите мислења ги прикрива како факти. Точно е дека новинарот има право на сопствено мислење, но во конкретниов текст не се разликуваа што е коментар, претпоставка или став на авторот. Ова особено доаѓа до израз, бидејќи во текстот се изнесуваат низа тврдења за политичко дејствување на невладината организација Транспарентост

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Интернешнл, а бидејќи претходно не се обезбедени согледувања на сите значајни аспекти на темата за која се говори се доаѓа и до дезинформирање и манипулирање со публиката.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот прилог со наслов "Сомнежи околу можно политичко влијание врз рангирањето на Транспаренси Интернешнел – Џорџ Сорос е еден од главните финансиери", објавен на 26.01.2017 година, во информативните изданија на телевизија Нова, а во 21 часот и 28 минути, во интернет изданието на телевизија Нова, прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Комисијата констатира дека е прекршен член 13 според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски, Беким Ајдини, Филип Ѓурчиновски и Сефер Тахири.

**Се обврзуваат телевизија Нова и интернет изданието на телевизија Нова (www.tvnova.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објават одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595